# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **08.08. 2014 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 10** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година**

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година бр. 0701 – 495, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.08.2014 година.

**Бр. 0801-494**
**08.08. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008)

# О Д Л У К А

**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ**

**За 2014 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **СВЕТИ НИКОЛЕ**

За **2014** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 3,288 | 0 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 7,700 | 0 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 38,423 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 100,491 | 0 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 30,818 | 0 | 0 | 0 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 173,402 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | -354,122 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **СВЕТИ НИКОЛЕ** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2014** година.

БР. 0701-495

**Претседател на Советот на Општина**
**СВЕТИ НИКОЛЕ**
**ИЛИЈА СТОИЛЕВ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел ''УЕ 2'' – локалитет "Мавровица" Свети Николе, измена и дополна**

**плански период 2013 – 2018 година**

Се објавува Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел ''УЕ 2'' – локалитет "Мавровица" Свети Николе, измена и дополна плански период 2013 – 2018 година бр. 0701 – 496, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 08.08.2014 година.

**Бр. 0801-494/2**
**08.08. 2014 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на чл.11 став 1,чл.24 став 8 и чл.25 став 5 и чл.26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13 " број), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 08.08. 2014година донесе:

**О Д Л У К А**
**За донесување на детален урбанистички план за дел,, УЕ 2,,- локалитет ,,Мавровица,, Свети Николе, измена и дополна**

**Чл.1**

Со оваа Одлука се донесува деталниот урбанистички план за дел, ,, УЕ 2,,- локалитет ,,Мавровица,, Свети Николе**,** со плански опфат помеѓу, државен пат А4 Миладиновци-Св.Николе-Штип, речно корито, ул. „122",ул.,,111'' и граница на наменска зона. Истиот е со површина од 2.94 ха. со намена Г2,

**Чл.2**

Составен дел на оваа Одлука е извештајот од јавната презентација и јавната анкета бр.0902-681/6-1 од 12.11.2013 година и Согласноста бр.14-10327/2 од 31.07.2014 издадена од Министерство за транспорт и врски на Урбанистичкиот план за дел од,, УЕ 2,,- локалитет ,,Мавровица,'' Свети Николе како и графичкиот дел од планот со тех.бр.129/12 изработен од ДУПИ ,,Планерис'' Куманово.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0701-496**
**08.08.2014год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

Одлука за донесување на детален урбанистички план за дел ‘’УЕ 2’’ – локалитет “Мавровица” Свети Николе, измена и дополна плански период 2013 – 2018 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.3

**Бр. 0701- 497**
**08 .08. 2014 година**
**Свети Николе**